BOSCH

PRO

# GAS12-25LS

**Robert Bosch Power Tools GmbH**
70538 Stuttgart
GERMANY

**www.bosch-pt.com**

**1 609 92A F6N** (2025.12) T / 17

1 609 92A F6N



**mk** Оригинално упатство за работа

Македонски........................................ Страница 7


(9)
(8)
(10)
(11)
(7)
(12)
(6)
(13)
(5)
(4)
(3)
(2)
(1)
(9)
(14)
(17)
(17)
(13)
(18)
(17)
(16)
(15)


A
(19)
1
(19)
(20)
2
BOSCH


B
(20)
(19)
3
4
5
(21)
(19)
5
6


C
(10)


D
(10)
(22)
BOSCH


E
(5)
(23)


F
(24)
(25)
(14)
(26)


G
(23)
(26)
(27)
(28)
(29)
(30)
(31)


H
(32)
(31)
(33)


I
(9)
(9)


J
(6)
(27)
(34)
(23)
(4)


K
(35)
1
(36)
2
(37)
(35)
(38)
3


L
(38)
4
(35)
(35)
6
(36)
5


M
(8)
(7)
(28)
(27)
(29)
(30)
(23)
(2)
(17)
(1)
(3)
(31)
(18)
(16)

# Македонски

## Безбедносни напомени за всисувачи

**Прочитајте ги сите безбедносни напомени и упатства.** Грешките настанати како резултат од непридржување до безбедносните напомени и упатства може да предизвикаат електричен удар, пожар и/или тешки повреди.

**Чувајте ги безбедносните напомени и упатства за користење и за во иднина.**

- ▶ **Овој всисувач не е предвиден за користење од страна на деца и лица со намалени психички, физички или душевни способности или недоволно искуство и знаење.** Инаку постои опасност од погрешна употреба и повреди.
- ▶ **Не ги оставајте децата без надзор.** Така ќе се осигурате дека децата нема да си играат со всисувачот.
- ▶ **Почитувајте ги сите безбедносни прописи за материјалите што треба да се всисуваат.**
- ▶ **Не всисувајте прав настанат при обработка на буково или дабово дрво, камен или азбест.** Овие материјали важат за канцерогени.

**⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ** **Всисувачот користете го само доколку имате доволно информации за користењето, за материјалот што се всисува и за негово безбедно отстранување.** Деталните инструкции ја намалуваат опасноста од погрешна употреба и повреди.

**⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ** **Всисувачот е наменет за всисување на суви материи, а со соодветни дополнителни мерки и за всисување на течности.** Навлегувањето на течности го зголемува ризикот од електричен удар.

- ▶ **Со всисувачот не всисувајте запаливи или експлозивни течности, на пр. бензин, масло, алкохол, средства за растворање. Не всисувајте жешка, запалива или експлозивна прав. Не го користете всисувачот во простории каде постои опасност од експлозија.** Правта, пареата или течностите може да се запалат или да експлодираат.

**⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ** **Конекторот користете го само за целите утврдени во упатството за употреба.**

**⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ** **Веднаш исклучете го всисувачот, доколку почне да излегува пена или вода и испразнете го контејнерот.** Инаку всисувачот може да се оштети.

- ▶ **ВНИМАНИЕ! Всисувачот смее да се складира само во внатрешен простор.**
- ▶ **ВНИМАНИЕ! Редовно чистете ја пловката и проверете дали е оштетена.** Инаку функцијата може да се наруши.
- ▶ **Доколку користењето на всисувачот во влажна околина не може да се избегне, користете заштитен прекинувач за диференцијална струја.** Употребата на заштитен прекинувач со диференцијална струја го намалува ризикот од електричен удар.
- ▶ **Пред секое користење, проверете го всисувачот, кабелот и приклучокот. Не го користете всисувачот, доколку забележите оштетувања. Не го отворајте сами всисувачот и оставете го на поправка кај квалификуван стручен персонал, кој користи само оригинални резервни делови.** Оштетениот всисувач, кабел и приклучок го зголемува ризикот за електричен удар.
- ▶ **Не го прегазувајте или притискајте кабелот. Не го влечете кабелот за да го извадите приклучокот од конекторот или за движење на всисувачот.** Оштетениот кабел го зголемува ризикот за електричен удар.
- ▶ **Извлечете го приклучокот од конекторот, пред одржувањето или чистењето на всисувачот, пред регулирање на поставките на уредот, замена на деловите или тргање настрана.** Овие мерки за предупредување го спречуваат невнимателниот старт на всисувачот.
- ▶ **Погрижете се за добра проветреност на работното место.**
- ▶ **Всисувачот смее да се поправа само од страна на квалификуван стручен персонал со оригинални резервни делови.** Само на тој начин ќе бидете сигурни во безбедноста на всисувачот.

**⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ** **Всисувачот содржи прав што е опасна по здравјето. Празнењето и одржувањето, како и вадењето на контејнерот за собирање прав смее да се врши само од страна на стручен персонал. Потребна е соодветна заштитна опрема. Не го користете всисувачот без комплетниот и внимателно вметнат филтерски систем.** Инаку го загрозувате вашето здравје.

- ▶ **Пред користењето, проверете дали цревото за всисување е во беспрекорна состојба. При монтирањето на цревото на всисувачот, проверете да не излегува прав.** Инаку може да ја вдишете правта.
- ▶ **Не го користете всисувачот како предмет за седење.** Може да го оштетите всисувачот.
- ▶ **Внимателно користете го струјниот кабел и цревото за всисување.** Внимавајте притоа да не ги доведете другите лица во опасност.
- ▶ **Не го чистете всисувачот со директно насочен млаз вода.** Навлегувањето на вода во горниот дел од всисувачот го зголемува ризикот од електричен удар.

▶ **Приклучете го всисувачот на прописно заземјена струјна мрежа.** Приклучницата и продолжниот кабел мора да имаат функционален заштитен проводник.

## Ознаки

Следните ознаки се од големо значење за користењето на Вашиот всисувач. Запаметете ги ознаките и нивното значење. Вистинската интерпретација на ознаките Ви помага подобро и побезбедно да го користите всисувачот.

| Ознаки и нивно значење | |
|---|---|
|  | **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ! Прочитајте ги сите безбедносни напомени и упатства.** Грешките настанати како резултат од непридржување до безбедносните напомени и упатства може да предизвикаат електричен удар, пожар и/или тешки повреди. |
|  | Всисувач од класата на всисување L според IEC/EN 60335-2-69 за **всисување на суви материи** од штетни прашини со гранична вредност на изложеност > 1 mg/m$^3$ |
|  | **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ! Всисувачот содржи прав што е опасна по здравјето. Празнењето и одржувањето, како и вадењето на контејнерот за собирање прав смее да се врши само од страна на стручен персонал. Потребна е соодветна заштитна опрема. Не го користете всисувачот без комплетниот и внимателно вметнат филтерски систем.** Инаку го загрозувате вашето здравје. |
|  | |
|  **max. 1 L -Boxx**<br>**max. 15 kg** | Прикачување на максимум една L-BOXX.<br>Тежината на L-BOXX заедно со содржината не смее да изнесува над 15 kg. |
|  | **Не го закачувајте всисувачот, на пр. при транспорт, на кука од кран.** Всисувачот не е погоден за транспорт со кран. Постои опасност од повреда и оштетување. |

| Ознаки и нивно значење | |
|---|---|
|  | **Не го користете всисувачот како предмет за седење, спроводник и не стапнувајте на него.** Инаку всисувачот може да се преврти и оштети. Постои опасност од повреда. |
| **1+**  | **Старт/стоп автоматика**<br>Всисување прав на од електрични алати што работат<br>Всисувачот автоматски се вклучува и повторно одложено се исклучува |
| **0** | **Исклучување** |
| **1**  | **Всисување**<br>Всисување наталожена прав |
| **Max.**<br>**2200 W**<br>**Min.**<br>**100 W** | Спецификација за дозволената потрошувачка на енергија на поврзаниот електричен алат (специфично за земјата)<br>Max.: максимална моќност<br>Min.: минимална моќност |

## Опис на производот и перформансите

Видете ги илустрациите во предниот дел од упатството за работа.

### Употреба со соодветна намена

Всисувачот е наменет за собирање, всисување, пренос и одделување на незапаливи суви честички прав, незапаливи течности и мешавина од вода и воздух. Всисувачот е технички проверен за прав и одговара на класата на всисување L. Тој е прилагоден и на високите барања при негова комерцијална употреба на пр. во занаетчиството, индустријата и сервисните работилници.

Всисувач од класата на всисување L според IEC/EN 60335-2-69 смее да се користи само за всисување на материи што се штетни по здравјето со гранична вредност на изложеност > 1 mg/m$^3$.

Користете го всисувачот само откако ќе ги проучите сите функции и може да ги примените истите без ограничувања или откако ќе ги добиете потребните упатства.

### Илустрација на компоненти

Нумерирањето на прикажаните компоненти се однесува на приказот на всисувачот на графичката страница.

**(1)** Тркалце за промена на правецот

**(2)** Сопирачка на тркалцето

**(3)** Сад

**(4)** Прекинувач за избор на начинот на работа

**(5)** Прифат за цревото (функција на всисување)

**(6)** Приклучница за електричен алат

**(7)** Прифат за држачот за црево

**(8)** Рачка за носење

**(9)** L-BOXX-прифат

**(10)** Држач за додатоци

**(11)** Копче за полуавтоматско чистење на филтерот

**(12)** Горен дел на всисувачот

**(13)** Поклопец за горниот дел на всисувачот

**(14)** Блокирање на капакот за издувување

**(15)** Ротор

**(16)** Држач за млазница за фуги

**(17)** Држач за всисна цевка/адаптер за всисување

**(18)** Држач за подната млазница

**(19)** Држач за платнена филтер вреќичка

**(20)** Платнена филтер вреќичка

**(21)** Блокирање на платнена филтер вреќичка

**(22)** Блокирање на држачот на додатокот

**(23)** Црево за всисување

**(24)** Црево за издувување[a)]

**(25)** Приклучок за црево со Click & Clean приклучок (функција за издувување)

**(26)** Копче на притискање

**(27)** Адаптер за всисување

**(28)** Закривена млазница

**(29)** Всисна цевка

**(30)** Млазница за фуги

**(31)** Подна млазница

**(32)** Копче за отклучување за користење на подната млазница

**(33)** Користење на подната млазница

**(34)** Издувен отвор на адаптерот за всисување

**(35)** Држач за филтерот

**(36)** Рачка на држачот за филтер

**(37)** Пловка

**(38)** Филтер

a) **Опишаната опрема прикажана на сликите не е дел од стандардниот обем на испорака.**

## Технички податоци

| Всисувач за влажно и суво чистење | | GAS12-25LS |
|---|---|---|
| Број на дел | | **3 601 JS3 1..** |
| Номинална влезна моќност | W | 1200 |
| Фреквенција | Hz | 50–60 |
| Волумен на садот (бруто) | l | 25 |
| Нето волумен (течност) | l | 18 |
| Нето волумен (суво) | l | 20 |
| Волумен на филтер-ќеса од руно | l | 10 |
| Потпритисок | | |
| – Всисувач[A)] | hPa | 200 |
| – Турбина | hPa | 210 |
| Брзина на проток | | |
| – Всисувач[A)] | m³/h | 126 |
| | l/s | 35 |
| – Турбина | m³/h | 234 |
| | l/s | 65 |
| Класа на прав | | L |
| Тежина[B)] | kg | 9,4 |
| Класа на заштита | | ⏚/I |
| Тип на заштита | | IPX4 |

A) измерено со црево за всисување со 32 mm внатрешен дијаметар и должина од 3,1 m

B) Без струен кабел

Податоците важат за номинален напон [U] од 230 V. Овие податоци може да отстапуваат при различни напони, во зависност од изведбата во односната земја.

Вредностите може да варираат во зависност од производот и зависат од примената и условите на животната средина. Повеќе информации може да најдете на www.bosch-professional.com/wac.

### Приклучница на всисувач

| Дозволено приклучено оптоварување на поврзаниот електричен алат | | | |
|---|---|---|---|
| **3 601 JS3 ...** | **Номинален напон** | **Максимална јачина** | **Минимална јачина** |
| ... 100/... 1W0 | 230 V | 2100 W | 100 W |
| ... 130 | 230 V | 1000 W | 100 W |
| ... 170/... 1L0 | 220–240 V | 1660 W | 100 W |
| ... 180/... 1B0/... 1E0/... 1N0 | 220 V | 2100 W | 100 W |
| ... 1H0 | 220 V | 1000 W | 100 W |
| ... 1K0 | 220–240 V | 2100 W | 100 W |

Податоци за дозволената јачина на приклучување на приклучениот електричен алат.
Кај други модели специфични за земјата, овие вредности може да се разликуваат. Внимавајте на податоците на приклучницата на всисувачот.

### Информации за бучава/вибрации

Вредностите за емисија на бучава се одредуваат согласно **EN 60335-2-69**.

Нивото на звучниот притисок на всисувачот, оценето со A, вообичаено изнесува **75** dB(A). Несигурност K = **2** dB. Нивото на звук при работењето може да ги надмине наведените вредности. **Носете заштита за слухот!**

Вредности на вибрации $a_h$ (континуирани вибрации), $p_F$ (повторени ударни вибрации) и несигурност K утврдени според **EN 60335-2-69**:

$a_h$ = **0,2** m/s² (K = **1,5** m/s²), $p_F$ = **4** m/s² (K = **1** m/s²)

## Монтажа

- **Извлечете го приклучокот од конекторот, пред одржувањето или чистењето на всисувачот, пред регулирање на поставките на уредот, замена на деловите или тргање настрана.** Овие мерки за предупредување го спречуваат невнимателниот старт на всисувачот.

### Вметнување/отстранување платнена филтер вреќичка (види слики A–B)

За сувото всисување може да вметнете платнена филтер вреќичка **(20)**. Со тоа се олеснува складирањето на правта.

Отворете ги затворачите **(13)** и извадете го горниот дел на всисувачот **(12)**.

Завртете го држачот за платнена филтер вреќичка **(19)** нагоре, додека не се заклучи во хоризонтална позиција.

Турнете ја платнената филтер вреќичка **(20)** до крај во држачот за платнената филтер вреќичка **(19)**.

За да ја извадите, притиснете ја платнената филтер вреќичка **(20)** малку надолу и извлечете ја од држачот за платнената филтер вреќичка **(19)**.

За всисување без платнена филтер вреќичка спуштете го повторно држачот за платнената филтер вреќичка **(19)** надолу: притиснете ги притоа механизмите за заклучување **(21)** на платнената филтер вреќичка, завртете го држачот за платнената филтер вреќичка надолу и притиснете го кон ѕидот на садот сѐ додека не се заклучи.

Вметнете го повторно горниот дел од всисувачот **(12)** и со затворање на капаците **(13)** поврзете го садот **(3)** со горниот дел од всисувачот **(12)**.

### Монтирање држач за додатокот за всисување (види слики C–D)

Турнете го држачот **(10)** за додатокот за всисување додека не се вклопи во предвидениот прифат на горниот дел на всисувачот.
За да го извадите држачот **(10)** повлечете го механизмот за заклучување **(22)** на долната страна на држачот и турнете го држачот нагоре од прифатот.

Држачот **(10)** може да се прицврсти на ѕид со 2 завртки.

### Монтирање на цревото

#### Функција на всисување (види слика E)

За монтирање, ставете го цревото за всисување **(23)** во прифатот за црево **(5)** и свртете го до крај во правец на стрелките на часовникот.

За демонтирање, свртете го цревото за всисување **(23)** до крај во правец спротивен на стрелките од часовникот и извлечете го од прифатот за цревото.

**Напомена:** При всисувањето, поради триењето на правта во цревото и опремата за всисување настанува електростатичко полнење, што корисникот го чувствува во форма на статичко празнење (во зависност од влијанијата на околината и телесната чувствителност). Во основа, Bosch препорачува антистатичко црево за всисување (опрема) при всисување на ситна прав и суви материјали.

#### Функција на издувување (види слика F)

- **Всисувачот располага со функција за издувување. Не го издувувајте испуштениот воздух во слободен простор. Користете ја функцијата за издувување само со чисто црево.** Правта може да биде опасна по здравјето.

За монтирање на цревото за издувување **(24)** притиснете го механизмот за заклучување **(14)** на капакот за издувниот воздух и отворете го капакот. Ставете го цревото за издувување **(24)** на прифатот за црево **(25)**, додека не се слушне да се вклопат копчињата на притискање **(26)**.

За демонтирање на цревото за издувување **(24)** притиснете ги двете копчиња на притискање **(26)** навнатре и извлечете го цревото за издувување. Затворете го капакот за издувниот воздух, така што механизмот за заклучување **(14)** повторно ќе се вклопи.

### Монтирање на опремата за всисување (види слика G)

Цревото за всисување **(23)** е опремено со систем со стеги, со којшто може да се приклучи опремата за всисување (адаптер за всисување **(27)**, свиткана млазница **(28)**).

#### Монтирање на млазниците и цевките

- Ставете ја свитканата млазница **(28)** на цревото за всисување **(23)**, додека не слушнете да се вклопат двете копчиња на притискање **(26)** на цревото за всисување.
- Потоа прицврстете ја саканата опрема за всисување (подна млазница, млазница за фуги, цевка за всисување итн.) на заоблената млазница **(28)**.
- За демонтирање, притиснете на двете копчиња на притискање **(26)** навнатре и извлечете ги деловите еден од друг.

#### Монтирање на адаптерот за всисување

- Ставете го адаптерот за всисување **(27)** на цревото за всисување **(23)**, додека двете копчиња на притискање

**(26)** не слушнете да се вклопат на цревото за всисување.

– За демонтирање, притиснете на двете копчиња на притискање **(26)** навнатре и извлечете ги деловите еден од друг.

### Вадење/вметнување на делот за вметнување за подната млазница (види слика H)

За вадење, притиснете ги копчињата за отклучување **(32)** на подната млазница **(31)**. Делот за вметнување **(33)** се олабавува од подната млазница.

За вметнување, затегнете нов дел за вметнување во подната млазница **(31)**.

### Вклопување на L-BOXX (види слика I)

За транспорт на всисувачот и за заштеда на простор при складирање на опремата на всисувачот и/или електричниот алат, може да прикачите L-BOXX на горниот дел од всисувачот.

Прикачете го L-BOXX на држачите **(9)**.

▶ **Не го носете всисувачот на рачката за носење на прикачениот L-BOXX.** Всисувачот е претежок за рачките за носење на L-BOXX. Постои опасност од повреда и оштетување.

## Употреба

▶ **Извлечете го приклучокот од конекторот, пред одржувањето или чистењето на всисувачот, пред регулирање на поставките на уредот, замена на деловите или тргање настрана.** Овие мерки за предупредување го спречуваат невнимателниот старт на всисувачот.

Кога ракувате со всисувачот, проверете дали се блокирани тркалцата **(1)** со сопирачките за тркалца **(2)**, за да се заштити всисувачот од ненамерно тркалање.
Пред да работите, тестирајте го функционирањето на тркалата **(15)** и тркалцата **(1)** на соодветна површина.

### Ставање во употреба

▶ **Внимавајте на електричниот напон!** Напонот на изворот на струја мора да одговара на оној кој е наведен на спецификационата плочка на всисувачот.

▶ **Информирајте се за важечките одредби/закони во Вашата земја во однос на постапувањето со честички прав што се штетни по здравјето.**

Всисувачот може да се користи за всисување и издувување на следните материјали:

– Прав со гранична вредност на изложеност > 1 $mg/m^3$

Во основа, всисувачот не смее да се користи во простории каде постои опасност од експлозија.

За да се загарантира оптимален капацитет на всисување мора секогаш целосно да го одвиткувате цревото за всисување **(23)** од горниот дел на всисувачот **(12)**.

**Вклучување/исклучување**

За **вклучување** на всисувачот, притиснете го прекинувачот за избор на режимот на работа **(4)** во позиција **1**.

За **вклучување на старт/стоп автоматиката** притиснете го прекинувачот за избор на режимот на работа **(4)** во позиција **1+**. Всисувачот може автоматски да стартува кога е поврзан со електричен алат преку приклучницата **(6)**.

За **исклучување** на всисувачот, притиснете го прекинувачот за избор на режимот на работа **(4)** во позиција **0**.

### Всисување на суви материјали

▶ **Пред суво всисување, проверете дали филтерот, садот и додатоците за всисување се суви.** На влажните делови може да се насобере прашина и да се стврдне.

Се препорачува користење на платнена филтер врeќичка **(20)**.

**Всисување на правта што се создава додека работат електричните алати (види слика J)**

▶ **Мора да постои доволен степен на проток на воздух во просторот, бидејќи издувниот воздух се враќа во просторијата. Внимавајте на односните прописи во земјата.**

Во всисувачот има вградено приклучница за електрични алати **(6)**. Може да поврзете надворешен електричен алат на оваа приклучница. Внимавајте на максимално дозволеното приклучено оптоварување на електричниот алат што се приклучува.

Поврзете ја млазницата за всисување на електричниот алат и цревото за всисување **(23)** директно или преку адаптерот за всисување **(27)**.

**Напомена при употреба на адаптерот за всисување:** при работење со електрични алати, чијшто довод на воздух до цревото за всисување е мал, мора да се отвори издувниот отвор **(34)** на адаптерот за всисување **(27)**. Со тоа се подобрува целокупниот капацитет на всисувачот и на електричниот алат. Притоа, свртете го прстенот над издувниот отвор **(34)**, додека не се појави максимален отвор.

Со **старт/стоп автоматиката** може автоматски да го вклучувате и исклучувате всисувачот со електричниот алат:

– За **вклучување на старт/стоп автоматиката** притиснете го прекинувачот за избор на режимот на работа **(4)** во позиција **1+**.

– За **вклучување на всисувачот** вклучете го поврзаниот електричен алат. Всисувачот стартува автоматски.

▶ **Откако ќе го вклучите електричниот алат, проверете дали е започнато всисувањето.**

– За **исклучување на всисувачот** исклучете го електричниот алат. Старт/стоп автоматиката продолжува да работи неколку секунди потоа за да ја

извлече преостанатата прашина од цревото за всисување.

– За **исклучување на всисувачот** притиснете го прекинувачот за избор на режимот на работа **(4)** во позиција **0**.

**Полуавтоматско чистење на филтерот**

Подоцна кога јачината на всисување повеќе не е доволна, треба да го исчистите филтерот.

Колку често треба да се чисти филтерот зависи од видот и количината на правта. Со редовна употреба, максималниот капацитет подолго се задржува.

Вклучете го всисувачот (прекинувачот за избор на режимот на работа **(4)** во позиција **1**).

За оптимални резултати од чистењето, затворете го отворот на млазницата или цревото за всисување со дланката.

Притиснете го копчето за полуавтоматско чистење филтер **(11)** најмалку 5× пати по ред. Филтерот се чисти со силен воздушен проток.

### Всисување на влажни материи

▶ **Со всисувачот не всисувајте запаливи или експлозивни течности, на пр. бензин, масло, алкохол, средства за растворање. Не всисувајте жешка, запалива или експлозивна прав. Не го користете всисувачот во простории каде постои опасност од експлозија.** Правта, пареата или течностите може да се запалат или да експлодираат.

▶ **Всисувачот не смее да се користи како водена пумпа.** Всисувачот е наменет за всисување на мешавини од воздух и вода.

▶ **Всисувачот не смее да се користи без филтер.**

Полуавтоматското чистење на филтерот не смее да се активира за време на влажно всисување.

**Пред всисување на влажни материи**

Отворете ги затворачите **(13)** и извадете го горниот дел на всисувачот **(12)**.

Испразнете го садот **(3)** и извадете ја платнената филтер врећичка **(20)**.

Исчистете го филтерот **(38)** и повторно вметнете го во всисувачот.

Проверете дали пловката **(37)** е чиста. Ако пловката е блокирана, автоматското исклучување на всисувачот кога садот е полн не е можно.

Вметнете го горниот дел на всисувачот **(12)** и затворете ги затворачите **(13)**, така што ќе слушнете дека се вклопува.

**За време и по секое влажно всисување**

Всисувачот е опремен со пловка **(37)**. Откако ќе се постигне максималната висина на полнење, всисувањето ќе се прекине. Потоа, испразнете го садот **(3)**.

Ако истече течност од всисувачот затоа што садот не бил испразнет навреме, веднаш исклучете го всисувачот.

Извадете го горниот дел на всисувачот **(12)** и оставете добро да се исушат сите делови.

На крајот од работата, за да спречите појава на мувла, отстранете ги горниот дел од всисувачот **(12)** и филтерот **(38)** и оставете ги добро да се исушат.

## Одржување и сервис

### Одржување и чистење

▶ **Извлечете го приклучокот од конекторот, пред одржувањето или чистењето на всисувачот, пред регулирање на поставките на уредот, замена на деловите или тргање настрана.** Овие мерки за предупредување го спречуваат невнимателниот старт на всисувачот.

▶ **Одржувајте ја чистотата на всисувачот и отворите за проветрување, за да може добро и безбедно да работите.**

Доколку е потребно користење на приклучен кабел, тогаш набавете го од **Bosch** или специјализирана продавница за **Bosch**-електрични алати, за да избегнете загрозување на безбедноста.

▶ **При сервис и чистење на всисувачот користете маска за заштита од прав.**

Повремено исчистете го куќиштето на всисувачот со влажна крпа.

▶ **Не чистете го всисувачот со компримиран воздух.** Филтерот или другите компоненти може да се оштетат.

Проверка за прашина на правосмукалката мора да се врши најмалку еднаш годишно од страна на производителот или овластен сервисер (на пр. проверете ги филтрите за оштетување, правосмукалката за протекување и контролните уреди за правилно функционирање).

**Чистење и одржување по всисување на опасни материи**

– Сметајте ги сите делови кои можеби дошле во контакт со опасни материи како контаминирани.
– Темелно всисајте, избришете или запечатете ја надворешната страна на правосмукалката пред да ја отстраните од областа со опасни материи.
– Исчистете ја, демонтирајте ја и одржувајте ја правосмукалката само ако тоа може да се направи без да се загрозите себеси или другите лица. За време на одржувањето и чистењето носете лична заштитна опрема. Извршете ја работата во добро проветрена просторија.
– Прво исчистете ја надворешната страна на правосмукалката пред да ја демонтирате.
– Фрлете ги сите делови од правосмукалката што не можат да се исчистат доволно, во непропустливи ќеси. Почитувајте ги важечките прописи за отстранување на таков отпад.
– Исчистете го просторот за одржување по завршувањето на работата.

**Чистење на садот**

Избришете го садот **(3)** одвреме-навреме со вообичаено неабразивно средство за чистење и оставете го да се исуши.

**Чистење/замена на филтерот (види слики K–L)**

Моќноста на всисување зависи од состојбата на филтерот. Затоа, редовно чистете го филтерот **(38)**.

Веднаш заменете го оштетениот филтер.

– Активирајте го полуавтоматското чистење на филтерот, а потоа исклучете го всисувачот.
– Отворете ги затворачите **(13)** и извадете го горниот дел на всисувачот **(12)**.
– Отворете ја рачката **(36)** на држачот за филтер **(35)** ❶ и извлечете го држачот за филтер **(35)** ❷.
– Извадете го филтерот **(38)** од држачот за филтер **(35)** ❸.
– Потчукнете го филтерот **(38)** на соодветен сад за отпад. Внимавајте на тоа да не се оштетат ламелите на филтерот.
  Доколку е многу извалкано, исчеткајте ги перките на филтерот со вода и мека четка. Потоа оставете филтерот темелно да се исуши.
– Ако филтерот **(38)** е оштетен, тогаш сменете го.
– Ставете го чистиот и сув филтер **(38)** во држачот за филтер **(35)** ❹.
– Ставете го држачот за филтер **(35)** во горниот дел на всисувачот ❺ и превиткајте ја рачката **(36)** на држачот на филтерот **(35)** ❻, додека не се вклопи.
– Проверете го филтерот **(38)** и држачот за филтерот **(35)** се правилно и цврсто поставени.
– Вметнете го горниот дел на всисувачот **(12)** повторно и затворете ги двата затворачи **(13)**, така што ќе слушнете дека се вклопуваат.

**Складирање и транспорт (види слика M)**

– Испразнете го и исчистете го садот **(3)**. За да избегнете создавање мувла, погрижете се филтерот **(38)** и внатрешниот дел на всисувачот да бидат суви.
– Вметнете го цревото за всисување **(23)** со закривената млазница **(28)** околу горниот дел од всисувачот во држачите **(7)**.
– Прикачете ги додатоците на всисувачот на соодветните држачи: адаптерот за всисување **(27)** и всисната цевка **(29)** во држачите **(17)**, млазницата за фуги **(30)** во држачот **(16)**, подната млазница **(31)** во држачот **(18)**.
– Завиткајте го струјниот кабел околу држачот **(16)** на млазницата за фуги.
– Носете го всисувачот само за рачката за носење **(8)**.
– Складирајте го всисувачот во сува просторија и заштитете го од неовластено користење.
– За да ги фиксирате тркалцата **(1)** притиснете ја кочницата на тркалцата **(2)**.

## Отстранување на пречки

▶ **Доколку се појави дефект (на пр., кршење на филтерот), всисувачот мора веднаш да се исклучи. Дефектот мора да се отстрани пред производот да може повторно да се стартува.**

| Проблем | Причина | Помош |
|---|---|---|
| Турбината за всисување не работи. | Нема напојување со енергија | Проверете ги струјниот кабел, приклучокот за струја, осигурувачот и приклучницата. |
| | Прекинувачот за избор на режим на работа **(4)** стои на **1+**. | Прекинувачот за избор на начин на работа **(4)** поставете го на ознаката **1** одн. вклучете го приклучениот електричен алат на приклучницата **(6)**. |
| Турбината за всисување повторно не работи и по празнењето на садот. | Потребно е да се ресетира | Исклучете го всисувачот и почекајте 5 секунди и потоа повторно вклучете. |
| Се губи силата на всисување. | Садот **(3)** или платнената филтер вреќичка **(20)** се полни | Испразнете го садот или платнената филтер вреќичка. |
| | Млазницата, цевката **(29)** или цревото за всисување **(23)** се затнати | Отстранете ги блокадите |
| | Филтерот **(38)** е нечист или дефектен | Полуавтоматско чистење на филтерот, чистење или менување на филтерот |
| | Филтерот **(38)** не е вклопен во држачот за филтер **(35)** | Правилно вметнување на филтерот |
| | Горниот дел од всисувачот **(12)** не е правилно поставен | Правилно поставете го горниот дел на всисувачот и затворете ги капачињата **(13)** |

| Проблем | Причина | Помош |
|---|---|---|
| Излегува прашина при всисувањето суви материи | Филтерот **(38)** е погрешно вметнат | Проверка дали филтерот е правилно монтиран |
| | Филтерот **(38)** е дефектен | Менување филтер |
| Истекува вода при всисувањето влажни материи | Пловката **(37)** е блокирана | Избришете ја корпата за пловка со влажна крпа, исчистете ја пловката со нежно тресење на всисувачот |
| | | Во случај на посериозна контаминација на пловката и корпата за пловка, контактирајте со овластена **Bosch** сервисна служба. |
| Полуавтоматското чистење на филтерот не работи. | | Блокирајте го влезот за воздух и притиснете го копчето за полуавтоматско чистење на филтерот повеќе од 5× **(11)** |
| | | Доколку чистењето на филтерот сè уште не функционира по ова, контактирајте со овластена **Bosch**-сервисна служба. |

## Сервисна служба и совети при користење

**Северна Македонија**
Тел.: 02/ 246 76 10
За сите прашања и нарачки на резервни делови, Ве молиме наведете го 10-цифрениот број од спецификационата плочка на производот.

## Отстранување

Всисувачот, опремата и амбалажите треба да се отстранат на еколошки прифатлив начин.

Не го фрлајте всисувачот во домашната канта за отпадоци!

**Само за земјите од ЕУ:**
Електричната и електронската опрема што веќе не е употреблива мора да се собира посебно и да се фрла на еколошки начин. Користете ги соодветните системи за собирање. Неправилното фрлање може да биде штетно за животната средина и здравјето на луѓето поради можното присуство на опасни материи.

# Информации за податоците за производот во согласност со прописите (ЕУ) 2023/2854

Вмрежаните производи или поврзаните услуги генерираат податоци за време на нивната употреба. Следните поглавја даваат информации за податоците генерирани за производот и како да пристапите до податоците за производот.

## Тип на податоци за производот

Производот може да генерира следниве типови на податоци за време на употребата. Вистинските генерирани податоци зависат од специфичната употреба на производот.
- Време на работа
- Информации за батеријата
- Температури на компонентите
- Активирање на функции
- Настани со дефекти и сервис
- Информации за апликацијата

## Евидентирање на податоци за производот

Информации за собирање и складирање на податоци за производот:
- Евидентирани се помалку од 1 kB податоци за производот.
- Производот може да складира податоци за производот на уредот додека е вклучен.

## Пристап до податоци и формат на податоци

Информации за тоа како корисникот може да пристапи или да ги преземе податоците:
- Во рамките на ЕУ, корисникот може да побара податоци за производот преку Bosch Power Tools Service (е-маил: **PT-Service.EU-DataAct@de.bosch.com**), ако корисникот го испрати производот до Bosch Service и/или
- Доколку производот обезбедува безжичен интерфејс, корисникот може да добие директен пристап до податоците за производот преку соодветната мобилна апликација на Bosch Power Tools.
- Податоците се обезбедени во вообичаен и машински читлив формат (на пр. JSON).



2 608 001 245



2 608 001 246



1 619 PC9 971



2 608 000 585



2 608 001 248



2 608 000 887



2 608 001 247

2 608 001 217





2 608 001 209



1 619 PC9 972

2 608 001 211



2 608 001 224



Servicekontakte
Service Contacts
Contacts de Service
Contactos de Servicio

https://www.bosch-pt.com/serviceaddresses

Garantiebedingungen
Guarantee Conditions
Conditions de Garantie
Condiciones de Garantía

https://www.bosch-pt.com/guarantee/202507